**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ,** како првостепен кривичен суд и тоа преку судијата Љубинка Башеска, со записничар Весна Атеска - судски работник, постапувајќи по обвинителниот предлог на ОЈО С. XXVI КО.бр.609/24 од 20.08.2024 година, поднесен против обвинетите Т.К. од С. и С.К., од Д., за по едно кривично дело - Фалсификување исправа од чл.378 ст.1 од Кривичниот законик, по одржаната главна, јавна и усна расправа, во присуство на Јавниот обвинител од ОЈО С., Марија Демирева Панајотова, обвинетата Т.К. од С., обвинетата С.К. од Д. и бранителот на обвинетата Т.К., адвокат Весна Аврамовска од С., врз основа на чл.381 од ЗКП, на ден 04.10.2024 година, ја донесе и јавно објави следната

**П Р Е С У Д А**
**ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ВИНА**

**ОБВИНЕТИТЕ**

**Т. К.,** со ЕМБГ ..., од татко Б.ј, мајка В., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., писмена со завршено високо образование, вработена во ОУ „...“ во с.Д. С., како професор по одделенска настава, мажена, мајка на две деца, Македонка, државјанин на РС.Македонија, неосудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

**С. К.**, со ЕМБГ ..., од татко Р., мајка Н., роден на ... година во П., К, а живее во Д. на ул.„...“ б.., писмена со завршено високо образование, вработена во О. б. Д., како лекар педијатар, мажена, мајка на две деца, Албанка, државјанин на РС.Македонија, неосудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

**В И Н О В Н И С Е**

**ЗАТОА ШТО**

1. Во временскиот период од 28.12.2022 година до 18.01.2023 година во С., обвинетата Т.К., употребила како вистински лажни исправи – Сетификат за познавање на англиски јазик бр.e-ENG... од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 03.12.2022 година, иако такви исправи не биле издадени, на начин што најпрвин ги превела кај овластен преведувач, а потота ги употребила како доказ дека има познавање на англиски јазик и поседува сертификат TOEFL IBT, при нејзино аплицирање на Јавен оглас за избор на директор на ООУ ... с.Д. од 28.12.2022 година, кое што бил еден од условите за

избор на огласот, по што истата била именувана за директор на ООУ ... с.Д., со решение за именување директор бр.... од 18.01.2023 година.

2. На 14.07.2023 година, обвинетата С.К., употребила како виситински лажни исправи – Сетификат за познавање на англиски јазик бр.e-ENG... од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 26.11.2022 година, иако такви исправи не биле издадени, на начин што како доказ дека има познавање на англиски јазик и поседува сертификат TOEFL IBT ги употребила при нејзино аплицирање на Конкурс за именување на директор на ЈЗУ О. Б. со проширена дејност Д. од 29.06.2023 година, кое што бил еден од условите за избор на конкурсот, по што истата била именувана за Вршител на должност – директор на ЈЗУ О. б. со проширена дејност Д. со решение на Министерство за здравство бр.... од 11.09.2023 година.

Со горните дејствија обвинетите Т.К. и С. К., двете од С., сториле по едно кривично дело - Фалсификување исправа од чл.378 ст.1 од Кривичниот законик, па согласно наведената одредба и одредбите од чл.4, 32, 34, 35, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ, судот им изрекува алтернативни мерки

**У С Л О В Н И   О С У Д И**

Во изречените условни осуди на обвинетите Т. К. и С.К. им се утврдуваат казни затвор во траење од по 2-две години и воедно се определува дека истите нема да се извршат доколку обвинетите во рок од 4-четири години по правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело.

Согласно чл.105 ст.1 вв со чл.102 ст.2 т.6 од ЗКП, обвинетите Т.К. и С.К., **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** да платат на име судски паушал износ од по 2.000,00 денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен Кривичен суд Скопје, депонент НБРМ, во рок од 15 дена по правосилноста на оваа пресуда, под страв од присилно извршување.

Согласно чл.100-а од Кривичниот законик, **СЕ ОДЗЕМААТ** од обвинетата Т.К. - Сетификат за познавање на англиски јазик бр.e-ENG... училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 03.12.2022 година, како предмети што настанале од извршување на кривично дело.

Согласно чл.100-а од Кривичниот законик, **СЕ ОДЗЕМААТ** од обвинетата С.К. - Сетификат за познавање на англиски јазик бр.e-ENG...

од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 26.11.2022 година, како предмети што настанале од извршување на кривично дело.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Основното јавно обвинителство С. до судот поднесе обвинителен предлог КО.бр.609/24 од 20.08.2024 година, против обвинетите Т. К. од С. и С.К., од Д., за по едно кривично дело - Фалсификување исправа од чл.378 ст.1 од Кривичниот законик, со предлог судот да го огласи за виновни и казни според закон.

Во завршен збор јавниот обвинител наведе: Ако се има во предвид признанието на вина дадено од страна на обвинетите Т. К. и С.К., произлегува дека истите ги сториле кривичните дела што им се ставаат на товар со поднесениот обвинителниот прелог, поради тоа предлагам судот обвинетите да ги огласи за виновни за стореното, и тоа за по едно кривично дело - Фалсификување на исправа од чл.378 ст.1 од КЗ, а при одмерување на видот и висината на кривичната санкција судот да ги има во предвид сите отежнителни и сите олеснителни околности од чл.39 од КЗ, па како отежителни околности да ги цени видот на кривичното дело, начинот на извршување, се поголемата зачестеност на ваков вид на кривични дела, а како олеснителни да ги цени тоа што обвинетите се неосудувани и признанието на вина што доведе до побрзо и поефиказно завршување на кривичната постапка.

Бранителот на обвинетата Т.К., адвокат Весна Аврамовска во завршен збор наведе: Предлагам судот при одмерување на видот и висината на казната да ги има во предвид олеснителните околности и тоа даденото признание на вина, искреното каење за стореното и даденото ветување дека нема да се јави како сторител на кривични дела, како и дека станува збор за семејна жена, мајка на две деца, почитувана личност во средината во која што живее и работи и дека со стореното не предизвикала никаква штета на било кое лице, дури со своето работење го унапредила работењето во училиштето.

Обвинетата Т.К. во завршен збор наведе: Се согласувам со завршниот збор на мојот бранител и во целост го прифаќам. Се каам искрено и го носам како товар бидејќи никогаш претходно не сум направила штета на никого.

Обвинетата С.К. во завршен збор наведе: Признавам дека беше грешка не бев свесна за таа грешка затоа што од мене се бараше да бидам шест месеци како ВД Директор на О. б.. Се каам за стореното и нема да ми се повтори.

На главната расправа по изнесување на содржината на обвинителниот предлог од страна на Јавниот обвинител како застапник на обвинението, обвинетите Т.К. од С. и С. К., од Д., при произнесувањето дали се чувствуваат за виновни по однос на наводите во обвинителниот предлог наведоа дека без никаква присилба и во целост ги признаваат сторените кривични дела, како и дека се свесни за последиците од истото, при што обвинетата Т. К., призна дека: Во временскиот период од 28.12.2022 година до 18.01.2023 година во С., обвинетата Т.К., употребила како вистински лажни исправи – Сетификат за познавање на англиски јазик бр.е-ENG... од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 03.12.2022 година, иако такви исправи не биле издадени, на начин што најпрвин ги превела кај овластен преведувач, а потота ги употребила како доказ дека има познавање на англиски јазик и поседува сертификат TOEFL IBT, при нејзино аплицирање на Јавен оглас за избор на директор на ООУ ... с.Д. од 28.12.2022 година, кое што бил еден од условите за избор на огласот, по што истата била именувана за директор на ООУ ... с.Д., со решение за именување директор бр.... од 18.01.2023 година, а обвинетата С.К., призна дека: На 14.07.2023 година, обвинетата С. К., употребила како виситински лажни исправи – Сетификат за познавање на англиски јазик бр.е-ENG... од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 26.11.2022 година, иако такви исправи не биле издадени, на начин што како доказ дека има познавање на англиски јазик и поседува сертификат TOEFL IBT ги употребила при нејзино аплицирање на Конкурс за именување на директор на ЈЗУ О. Б. со проширена дејност Д. од 29.06.2023 година, кое што бил еден од условите за избор на конкурсот, по што истата била именувана за Вршител на должност – директор на ЈЗУ О. б. со проширена дејност Д. со решение на Министерство за здравство бр.... од 11.09.2023 година.

По даденото признание за вината, судот испита дали признанието дадено од обвинетите е доброволно, дали обвинетите се свесни за правните последици од признавањето на вината, за последиците сврзани за трошоците на кривичната постапка и имотно правното побарување.

Судот утврди дека обвинетите признанието го даваат свесно и доброволно, врз нив не е употребена сила, ниту закана и не им е ветена никаква корист. Не боледуваат од никаква физичка и психичка болест, свесни се за своите дејствија и нивното значење.

Признанието го даваат свесно и јасни му се последиците, односно дека ќе им биде изречена казна и дека ќе им се изречат и трошоци по кривичната постапка.

Со оглед на признанието на вина, судот во доказна постапка изведе

само докази по однос на одлуката за санкцијата, па изврши увид во потврда од Одделението за казнена и кривична евиденција при овој суд КР.бр.12843/24 од 21.03.2024 година на име на обвинетата Т. К. и потврда од Одделението за казнена и кривична евиденција при Основен суд Дебар КР.бр.514/24 од 27.02.2024 година на име на обвинетата С.К..

На главна расправа, судот ценејќи го произнесувањето на обвинетите за вината, во однос на превземените дејствија при критичните настани, а опишани како во изреката од пресудата, по слободно судиско убедување, ја утврди следната фактичка состојба:

Првообвинетата Т.К., со ЕМБГ ..., од татко Б., мајка В., роден на ... година во С., каде и живее на ул.„...“ бр..., писмена со завршено високо образование, вработена во ОУ „...“ во с.Д. С., како професор по одделенска настава, мажена, мајка на две деца, Македонка, државјанин на РС.Македонија, неосудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

Второобвинетата С.К., со ЕМБГ ..., од татко Р., мајка Н., роден на ... година во П., К, а живее во Д. на ул.„...“ б., писмена со завршено високо образование, вработена во Општа болница Д., како лекар педијатар, мажена, мајка на две деца, Албанка, државјанин на РС.Македонија, неосудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

Во временскиот период од 28.12.2022 година до 18.01.2023 година во С., обвинетата Т.К., употребила како вистински лажни исправи – Сетификат за познавање на англиски јазик бр.е-ENG... од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 03.12.2022 година, иако такви исправи не биле издадени, на начин што најпрвин ги превела кај овластен преведувач, а потота ги употребила како доказ дека има познавање на англиски јазик и поседува сертификат TOEFL IBT, при нејзино аплицирање на Јавен оглас за избор на директор на ООУ ... с.Д. од 28.12.2022 година, кое што бил еден од условите за избор на огласот, по што истата била именувана за директор на ООУ ... с.Д., со решение за именување директор бр.. од 18.01.2023 година.

На 14.07.2023 година, обвинетата С.К., употребила како виситински лажни исправи – Сетификат за познавање на англиски јазик бр.е-ENG... од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 26.11.2022 година, иако такви исправи не биле издадени, на начин што како доказ дека има познавање на англиски јазик и поседува сертификат TOEFL IBT ги употребила при нејзино аплицирање на Конкурс за именување на директор на ЈЗУ О. Б.со проширена дејност Д. од 29.06.2023 година, кое што бил еден од условите за избор на конкурсот, по што истата била именувана за Вршител на должност – директор на ЈЗУ О. б. со проширена дејност Д. со решение на Министерство за здравство

бр.... од 11.09.2023 година.

Наведената фактичка состојба, судот ја утврди од признанието на вина на обвинетите, во текот на главната расправа.

Не е спорна околноста дека обвинетета Т.К., го извршила кривичното дело во временскиот период од 28.12.2022 година до 18.01.2023 година во С..

Не е спорна и околноста дека обвинетата С.К., го извршила кривичното дело на 14.07.2023 година.

Кривичното дело обвинетета Т.К. го извршила така што употребила како вистински лажни исправи – Сетификат за познавање на англиски јазик бр.е-ENG... од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 03.12.2022 година, иако такви исправи не биле издадени, на начин што најпрвин ги превела кај овластен преведувач, а потота ги употребила како доказ дека има познавање на англиски јазик и поседува сертификат TOEFL IBT, при нејзино аплицирање на Јавен оглас за избор на директор на ООУ ... с.Д. од 28.12.2022 година, кое што бил еден од условите за избор на огласот, по што истата била именувана за директор на ООУ ... с.Д., со решение за именување директор бр....од 18.01.2023 година.

Кривичното дело обвинетата С.К. го извршила така што употребила како виситински лажни исправи – Сетификат за познавање на англиски јазик бр.е-ENG. од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 26.11.2022 година, иако такви исправи не биле издадени, на начин што како доказ дека има познавање на англиски јазик и поседува сертификат TOEFL IBT ги употребила при нејзино аплицирање на Конкурс за именување на директор на ЈЗУ О. Б. со проширена дејност Д. од 29.06.2023 година, кое што бил еден од условите за избор на конкурсот, по што истата била именувана за Вршител на должност – директор на ЈЗУ О. б. со проширена дејност Д. со решение на Министерство за здравство бр... од 11.09.2023 година.

При ваква состојба на неспорни факти и околности, судот утврди дека во дејствијата на обвинетите Т.К. од С. и С.К., од Д., опишани во диспозитивот на пресудата, се содржани битните елементи на по едно кривично дело - Фалсификување исправа од чл.378 ст.1 од Кривичниот законик.

Кривичното дело - Фалсификување исправа од чл.378 ст.1 од Кривичниот законик, го чини тој што ќе направи лажна исправа или ќе преправи вистинска исправа со намера таквата исправа да се употреби како вистинска или тој што лажната или преправената исправа ќе ја употреби како вистинска, за што е пропишана парична казна или со затвор

до три години.

При одредување на видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција, судот ги ценеше сите околности предвидени во чл.39 од Кривичниот законик, па како отежителни ги ценеше тежината на сторените кривични дела, степенот на кривичната одговорност на обвинетите, начинот на извршување, се поголемата зачестеност на овој вид на кривични дела, а како олеснителни околности ги ценеше даденото признание на вина од страна на обвинетите, коректното однесување пред суд со што придонесоа за брзо и ефикасно завршување на кривичната постапка, изразеното каење, како и околностите дека се возрасни личности, обвинетата Т.К. е родена .. година, а обвинетата С.К. е родена ... година, имаат завршено високо образование и се вработени, воедно имаат оформено свое потесно семејство и се мајки на по две деца, како и околноста што претходно не се осудувани и против нив не се води друга кривична постапка, па ценејќи ги сите овие околности, судот на обвинетите Т. К. и С.К. за сторените кривични дела им изрече алтернативни мерки - условни осуди, со која им се утврдија казни затвор во траење од по 2-две години, за кои истовремено определи дека нема да се извршат доколку обвинетите во рок од 4-четири години по правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело, сметајќи дека со изречената кривична санкција ќе се постигнати целите на казнувањето од чл.32 од Кривичниот законик, во поглед на специјалната и генералната превенција.

Согласно чл.105 ст.1 вв со чл.102 ст.2 т.6 од ЗКП, судот ги задолжи обвинетите Т.К. и С.К., да платат на име судски паушал износ од по 2.000,00 денари, на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен Кривичен суд Скопје, депонент НБРМ, во рок од 15 дена по правосилноста на оваа пресуда, под страв од присилно извршување.

Согласно чл.100А-а од Кривичниот законик, судот ги одзема од обвинетата Т.К. - Сетификатот за познавање на англиски јазик бр.е-ENG... од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П. Р.Б. и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 03.12.2022 година, како предмети што настанале од извршување на кривично дело.

Согласно чл.100-а од Кривичниот законик, судот ги одзема од обвинетата С.К. - Сетификатот за познавање на англиски јазик бр.е-ENG.. од училиште за јазици ЈУЛИЈА ЦО.ЛТД од П.Р.Б.и ETS TOEFL IBT-Test taker score report од 26.11.2022 година, како предмети што настанале од извршување на кривично дело.

**ОДЛУЧЕНО ВО ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**под IV К бр.1538/24 од 04.10.2024 година**

**Записничар,** **С у д и ј а,**
**Весна Атеска** **Љубинка Башеска**

ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 - осум дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје

Д.Н. -на ОЈО С. XXVI КО.бр.609/24
-на обвинетата Т.К. ул.„Ј.“ бр. С..
-на обвинетата С.К. ул.„.“ бб Д.
-на бранителот адвокат Весна Аврамовска од С.